Врз основа на Законот за високото образование и Одлука бр.02-70/2 од 12.05.2020г. донесена од Научниот Совет, Приватната научна установа Институт за современи композити и роботика Прилеп, на ден 12.05.2020 година го објавува следниот:

**К О Н К У Р С**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ ВО ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2020 / 2021 ГОДИНА**

## I. АКРЕДИТИРАНА СТУДИСКА ПРОГРАМА

1. Современи композити и роботика – 15 кандидати.

## II. УСЛОВИ ЗА СТУДИРАЊЕ

1. Студиите се усогласени со Болоњскиот кредит трансфер систем.
2. Наставата се одвива на македонски и англиски јазик во современо опремени простории (предавални и лаборатории) во Прилеп.
3. Наставата ја одржуваат еминентни македонски и странски професори.
4. Програмата се состои од наставен дел и изработка на магистерска работа.

## III. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Право на конкурирање на едногодишни студии имаат кандидатите што завршиле прв циклус академски студии во траење од четири години, односно додипломски студии (240 европски кредити) и кои дипломирале на соодветна или сродна студиска програма од инженерската струка, на некој од природно-математичките факултети, како и студенти кои завршиле друг факултет, а кои имаат искуство во областа на современите композити и роботиката.

Право на конкурирање на двегодишни студии имаат кандидатите што завршиле прв циклус академски студии во траење од три години, односно додипломски студии (180 европски кредити) и кои дипломирале на соодветна или сродна студиска програма од инженерската струка, на некој од природно-математичките факултети, како и студенти кои завршиле друг факултет, а кои имаат искуство во областа на современите композити и роботиката.

## IV. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

- Оригинал или заверена копија на нотар од дипломата за завршен прв циклус на студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат нострифицирана странска диплома - нотарски заверена);
- Кратка биографија (CV);
- Уверение за положени испити;

INSTITUTE FOR ADVANCED COMPOSITES AND ROBOTICS
ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА

- Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверен кај нотар), странските студенти доставуваат преведена и заверена на нотар фотокопија од патна исправа;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Други документи по барање на IACR.

**V. ШКОЛАРИНА**

Висина на школарина по семестар: 750,00 Евра (со зборови: седумстотини и педесет Евра), во денарска противвредност, по среден курс на НБРСМ, на денот на уплатата. Странските студенти плаќаат двојно повеќе.

**VI. ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ**

Уписот трае до 15.10.2020 година.

**VII. НАЗИВ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА**

- “Современи композити и роботика”, втор циклус едногодишни студии во обем од 60 ЕКТС кредити.
- “Современи композити и роботика”, втор циклус двегодишни студии во обем од 120 ЕКТС кредити.

**VIII. НАУЧЕН НАЗИВ КОЈ СЕ СТЕКНУВА СО СТУДИСКАТА ПРОГРАМА**

Магистер на технички науки од областа на композитни материјали (Master of Science in the Field of Composite Materials, MSc).

**Напомена:** Бројот на кандидати е ограничен на 15 и уписот ќе се прави по критериумите и до потполнување на квотата.

Заинтересираните кандидати за подетални информации можат да го контактираат одделот за упис на студенти:

**Институт за современи композити и роботика, Прилеп**
Адреса: Крушевски пат бб, Прилеп
Web – страна: www.iacr.edu.mk
Тел.: 048 – 429 320;
E - mail: info@iacr.edu.mk